# Посмртно оро во традициите на балканските Словени

*Љупчо С. Ристески*

*The author researches the act of ritual dancing - oro - and singing in the posthumous ritual complex, which presents one of the most important ritual and magic activities in order to destroy or neutralize the effects of death, and at the same time, to protect the living members of the social community, as a whole.*

Сложеноста и комплексноста на посмртната обредна активност на луѓето не е условена само од природните, биолошки чинители, туку и од нивните онтолошки претстави за испраќањето на "оној свет", согласно на светогледот и правилата на обредниот комплекс. Во основа, покрај другите услови, успешното обредно делување би значело успешно адаптирање и вклопување на покојниот во амбиентот на "тој свет".

Токму заради тоа, сложеноста на обредниот комлекс не ни дозволува во рамкиве на трудов да ги разгледуваме одделно сите негови сегменти, но неговата, пак, комплексност ни наложува, обредниот сегмент "посмртно оро" да не го издвојуваме од контекстот на комплементарното анализирање.

Станува збор за т.н. "посмртно оро" - ритуално играње на оро околу покојникот, неговиот одар или пак, играње во периодот на задушници посветени на умрените.

## 1. Фактографски материјал

При изнесувањето на материјалите што се однесуваат на истражуваниот проблем, потполно ќе ги дескрибираме податоците што досега не се објавени, а се однесуваат на народната традиција на Македонците, додека пак објавените ќе ги споменуваме во градењето на дескрипциите.

### а) Македонија

Во текот на теренските истражувања во Долна Преспа, во 1992 година, при обидите за реконструкција на обредниот комплекс поврзан со обредите околу умрениот ја откривме формата на играње на ритуално оро.[1]

[1] Теренски истражувања, 1992 година, Долна Преспа. Истражувале Љупчо С. Ристески, Љ. Неделков. Податоците ги откривме во с. Долно Дупени, с. Арвати, с. Љубојно. Информатори: Васиљка Макароска, 1906, с. Д. Дупени, и Менка Алебакоска, 1933, с. Љубојно. Материјали Д-4/1992, К-1/1992.

STUDIA MYTHOLOGICA SLAVICA III - 2000, 133 - 148

Откако покојниот ќе бидел подигнат за закоп, се растурал одарот и на истото место три вдовици од селото заигрувале оро. Орото го играле во обратна насока од вообичаеното, "наопаку", пееjќи (изговарајќи) ги зборовите, три пати:

"... ќе заиграм, ќе запеам,
оро на срамота ,
до туа да е лошото.."

или
"... играме пееме,
оро на срамота,
да не се сили лошото." [2]

При теренските истражувања на Институтот за старословенска култура од Прилеп во регионите Мариово, Демирхисарско и Крушевско откривме материјали што се однесуваат на овој проблем. Во Мариово забележавме кажување на очевидец на обредното играње во с. Дуње.

"... три баби, на П. Г., кога и умре детето, заиграа околу умреното дете. Вака, на десно. Ќе одајат така, и една песна ќе велат:

дотекла вода студена
од високата планина...

два три пати а рекоа, а не изглас да а пеат. Тоа го виду, заиграа околу него, и го кренаа детето. Таа две машки имаше, и двете и умреа.[3]

Во Мариово, исто така, дознавме дека старите го прикажувале следниот пример:

"...Станала, си врзала бела крпа, се подбрадила и заиграла. Заиграла, и рекла: "Се ќе прежала, еве бела крпа су си врзала, се ќе прежала, и синови и ќерки. Ама многу и изумреле, и преврлило веќе. Завртела два три пата, ко шо играат на орото. Зар играла од убаво? Та од шо и било жал за децата.[4]

Во Демихисарско го забележавме следниот податок:

"... Три жени требало ко ќе го крена чоеко (умренио), таман ќе замина, жените ќе заиграат и ќе запалат темјан. Оро машко - за рамо, ќе завртеле три пати, на десно.[5]

---

[2] Потврда на добиените податоци во текот на теренските истражувања во 1992 год., zа истиот терен, пронајдов во записот од 1953 год. на В. Граматниковски "Обичаи за раѓање, смрт, Ѓурѓовден и Иванден во Љубојно - Долна Преспа", кој како студент ги запишал во својата семинарска работа. Ракописот се чува во Архивот на МАНУ, во Фондот на проф. Бранислав Русиќ, К-ХVИИ, АЕ- 205/1-16, стр.9.

[3] Теренски истражувања на Институтот zа старословенска култура - Прилеп, изведени во 1994 година. Истражувале д-р Т. Вражиновски,. В. Карахоџки И Љ. С. Ристески. Информатор: Трајанка Ристеска, родена с. Пештани, 1922 год. живее во с. Дуње - Мариово. Касета IV, Страна Б.

[4] Исто, Информатор: Гламноска Доста, родена 1917, село Полчишта, Мариово. Касета IV, страна А.

Во селото Жван забележавме кажување:

> "...Сите деца и умреле, и последното умрело. Ко умрело, мајка му станала порачала свирки, детето уште не закопано, и се ватила напред на орото. Тапаните тропај, та играј, сите чуди се. Ко си ошла дома детето сето било крвојчиште. Значи пукнал ѓаолот. Играла оро за рамо."[6]

Во крушевските села, на мајката кога и умирале повеќе деца велела: *"Ќе му стапа на ѓаоло на гла"* и ќе игра на гробот, велејќи *"волкот да те јади".*[7] Во селото Пуста Река, при епидемијата на чума изумреле многу луѓе па затоа:

"... Рекле, ѓаолот ќе го бркаме со играње. И заиграле. Мајки му, сестра му, баби му. Играле оро на лево. За да нема појќе да умират. Рееле - тажеле. И тажеле и играле да го пукнат ѓаолот."[8]

Во етнографските материјали при Архивот на Институтот за фолклор "Марко Сепенков" - Скопје, пронајдовме податок од Прилепско - Битолското Поле, во кој е забележан обичајот, ако првото дете на мајката умре, таа да не присуствува на закопот, а ако и умреле неколку по ред, при излегувањето во дворот мајката требало да заигра оро наопаку, за да не и умираат и другите.[9]

При "редовна" смрт на стар човек, по биолошките закони на природата, за умрениот не се жали*", дури во краиштата на Егејска Македонија се веселеле кога ќе умрел човек во својата длабока старост."*[10]

Во книгата на македонскиот писател Петре М. Андреевски, "Пиреј", среќаваме една мошне потресна сцена. Заради епидемијата на чума, откако на Велика (протагонистот во драмата) ѝ умираат неколку деца, поучена од снаа ѝ Уља, во согласност со традицијата, изигрува обредно оро околу гробчињата на своите починати деца со цел да ги заштити живите.[11]

**б) Словенија**

Во историските извори што се однесуваат на Словенија, во 1338 и 1339 година се споменуваат забраните на Светиот Синод и патријархот Бертранд, во кој истиот се зазема за одлучно забранување на играњето на жални ора околу мртвите.[12]

---

[5] Исто, Информатор: Коле Мирчески, роден 1915 год. с. Сапотница, живее во с. Прибилци - Демирхисарско. Касета VI, Страна Б.

[6] Исто, Информатор: Анонимен, с. Жван, Демирхисарско, Касета V, страна Б.

[7] Исто, Информатор: Стојна Колеска, родена 1905, с. Пуста Река. Касета II , страна Б.

[8] Исто, Информатири: Јорданка Петреска, родена 1920, с. Горно Дивјаци, и Вељанка Ѓиноска, родена 1921 год. во истото село. Касета VII, страна А.

[9] Архив на ИФ "Марко Сепенков"-Скопје, К-1, св.2 - Обичаи околу умирачка во Прилепско - Битолско Поле. Запишала Марија Хаџи-Пецова.

[10] Архив на ИФ "Марко Цепенков" - Скопје, - "Животни обичаи, свадбени обичаи и обичаи околу умирачка - с. Племња - Драмско, Егејска Македонија," 1953 година. Снимил Јосиф Јосифовски, К-1, св.16, стр.1.

[11] П. М. Андреевски, - "Пиреј", Наша книга, Скопје 1986, стр.82. По личните контакти со авторот, добив потврда дека ги искористил кажувањата на неговата баба и тетки од пределите на Демир Хисар, за играњето на вакво обредно оро кога настанувало масовно умирање на луѓето.

Р. Хорватин наведува една приказна за кнезот Артуљи, во која се споменуваат жалните игри и “мртовечкиот танец” - “ovrtenico”.

> “... V starih časih ... je ob gomilah, ki leže take in so sedaj prerasle s hrasti, imela gospoda vrtnice; napravljala jih je pa zato tako okrogle, da je *plesala* po travniku okoli njih starinski ples, *ovrtenico*”[13]

Во Метлика на “velikonočni” понеделник мештаните цела ноќ, под отворено небо играле “метлишко оро”, кое заедно со другите игри “турн”, “курји бој”, “робчевци”, претставуваат остаток од старите “жални” обредни игри. Играњето на ова оро е многу слично со љељеновото во БиХ и Србија.[14]

За слични игри пишува и З. Кумер.[15] При давањето на задушници за умрените, пееле весели песни, играле и се шегувале. За стар човек посебно го задржувале доброто расположение.[16]

**в) Хрватска**

Постојат етнографски податоци во кои се споменуваат обичаите при чување на умрените. Ноќта најчесто ја поминувале во разговор, шегување, “па дури и играње' - во околината на Самобор.[17]

Во областа Каставштина, при погреб на неженет млад човек, организирале “пир”, каде пиеле и играле (tancaju).[18]

За играњето на жално оро, оро наопаку, “наопосун”, пишува и М. Стојковиќ во својата студија. [19]

**г) Србија**

Познатиот етнолог, проучувач на српската народна религија и митологија, Слободан Зечевиќ, забележал дека обредното играње посветено на мртвите било познато во сите краишта на Србија, но по начинот и намената се разликувало во источните од она во западните краеви на Србија. Во источните краишта не постоеле некои посебни игри, додека, пак, во западните, постоеле игри со посебна обредна природа за таква пригода.[20]

---

[12] Radoslav Hrvatin, - O slovenskem ljudskem plesu, vo Slovenski etnograf, Letnik III-IV, Ljubljana 1951, str. 277.

[13] Исто, стр.283.

[14] Исто, стр.284.

[15] Zmaga Kumer, Fekonja, . - Primer prevrstitve mrliške pesmi v pripovedko, vo SE, Letnik XVI-XVII/1963-1964, Ljubljana 1964, str. 116-117.

[16] B. Orel, - Slovenski ljudski običaji. Narodopisje Slovencev I, Ljubljana, 1944, str. 308.

[17] Milan Lang, - Samobor: Smrt, ZbNŽOJS, JAZU, knj. XVIII, sv. 1, Zagreb 1913, str. 129,130.

[18] Ivo Jadras, Kastavština. Građa o narodnom životu i običaji u Kastavškom govoru, vo ZbNŽOJS, JAZU, knj. 39, Zagreb 1954, str. 101.

[19] M. Stojković, - “Oposun”, “naoposun” i trokratno “naoposuno okretanje”, vo Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena, JAZU, knj. XXVII, sv. 1, Zagreb, 1929, str. 36,38.

[20] С. Зечевић, - Српске народне игре. Порекло и развој, Вук Караџић, Етнографски Музеј, Веоград 1983, стр. 95

Според Хрониката на грофот Ѓорѓе Бранковиќ, Јован Рајиќ во својата Историја[21] сликовито запишал како во 1485 година се славела победата над Турците во Ердељ. Седејќи над телата на мртвите непријатели, пиеле и се веселеле, играјќи оро "воинстевено", пеејќи разни јуначки песни.

Во подрачјето на Јадар , во с. Руњани, при испивањето на чашата со вино во десната рака, учесниците на погребот со левата се држат еден до друг, чинејќи непрекинато оро (коло).[22]

Мошне се интересни посмртните ора што се играат во Источна Србија во деновите посветени на мртвите. Кај Власите и Србите во северо - источниот дел на Србија за Бели Поклади се организира обичајот "прибег" за упокојување на душите на умрените. Во Валакоњ во текот на првите шест години за умрените се даваат "помани" (задушници) при што свирачите свират, а околу запалените огнови се играат ора.[23]

С. Милосављевиќ забележал дека во Хомоље на погреб блиските на умрениот се китат, а ако погребот е во недела или празник, кога на игриштето се игра, обичај е, така накитени, да изиграат оро. При враќањето од орото, влегувајќи во дворот на покојниот испеваат некоја песна.[24]

Во Ресава навечер палеле големи огнови, наречени "прибег", околу кои играале по цела ноќ, јаделе и пиеле во чест на умрените.[25]

Етнографите и етнолозите во Србија забележале дека одреден вид на посмртно оро се игра и во текот на празниците посветени на предците и душите на умрените. На Спасовден, кога мештаните во Клукочевац слават слава, играат "коло за душу". Во 1967 година на Спасовден се играло оро наменето на момче што загинало во сообраќајна несреќа. Во текот на селската слава, семејството на покојниот им плаќа на свирачите да свират оро. Орото се игра околу трпезата со запалени свеќи и јадења, а орото го води некој близок роднина на умрениот. Во текот на играњето на копје се носи врзан бел барјак, слика на умрениот, огледало; Играчката до оној што го води орото ја носи сликата на покојниот, при што веруваат дека и тој им се придружил во играњето. Ваквото "коло за душа" не смее да се прекинува, а се изведува само попладне. [26]

Стеван Мачај во средината на минатиот век, во Црноречкиот округ, во северо - источна Србија, меѓу Србите и Романците, присуствувал на погребување на млад човек. "Откако гробот се засипа, таткото на покојникот ја обдари девојката со пари, кои заедно со момчињата се фатија во оро и до некаде играа така".[27]

"Жално коло" играле и Србите во Горна Ресава и тоа на денот на погребувањето на момче или девојка. Играчите биле гологлави, во рацете со свеќи.

[21] J. Раичъ - История разных славенскихъ народовъ 10, гл. 3,Виена 1794, стр. 265

[22] Милан Јефтић, Јадар. Смрт и сахрана, ГЕМ : Јадар - Вуков завичај, бр. 27, Веоград 1964, стр. 438.

[23] Мил. Јал. Милошевић. - Неки обичаји и празноверице у селу Валакоњу, во ГЕМ XXII, Веоград 1937, стр. 204

[24] С. Милосављевић, - Српски народни обичаји из среза Омољског, СЕЗб, Т. 19, Веоград 1913, стр. 251.

[25] Станоје Мијатовић, - Обичаји у Ресави, ГЕМ III, Веоград, 30-31.

[26] Слободан, Зечевић, - Игре нашег посмртног ритуала, во Рад Конгреса СУФЈ у Новом Винодолском, Загреб 1964, стр. 378.

[27] Стеван Мачај, - Црноречки Округ, - Гласник Српског ученог Друштва, Кн.73, Веоград 1892, стр.151, 158.

Воглавно играле жени, а водачот на орото секогаш бил маж. Вакво оро играле и на селската слава во чест на блискиот умрен.[28]

Во Сумраковец, С. Првановиќ забележал дека обредното убивање на старците се вршело со ставање на громада од лескови гранки врз нив, при што се играло оро врз нив се додека давале знаци на живот.[29]

Обредното играње на посмртното оро, забележано е и во народните песни во Србија, најчесто како "коло наопако" или "коло жаловито".[30]

**д) Босна и Херцеговина**

И за територијата на Босна и Херцеговина постојат податоци за постоењето на обредно играње околу умрен. Оваа појава ја забележале етнолозите во БиХ, а Јелена Допуѓа запишала еден пример од Крешево, како во католичка средина, во некои угледни куќи, девојките би заиграле оро пред куќата на умрениот во моментот кога луѓето доаѓале на погреб. Играле фатени за раце во затворено оро, само девојки, тупкајќи скоро во место, полека, трипати, движејќи се во десно. Облечени биле во долги бели кошули без вез, опасани со црвен конец. Додека играле, пееле песна. Девојките повторно играле, дочекувајќи ги луѓето од погреб, пеејќи: "Ево наших укопника..."[31]

Во почетокот на втората половина на XVII век многу се тажело по умрените во Сараево. Описот на францускиот летописец Poullet, укажува дека кај Евреите забележал како покрај музиката на умрен, тие играат. "Со дерење и играње се враќаат дома" - пишува Poullet.[32]

J.Ф. Иванишевиќ, вака опишал еден погреб во Херцеговина, на почетокот на ова столетие:

> "За секој чекор (првата жена што тажи) се наведнуваше и исправаше... другата чекореше на истиот начин, само кога првата при тажењето се исправаше, другата се наведнуваше..."[33]

"Жалосни кола" се играле на собирите во Горна Херцеговина кога роднините на починатиот човек, односно жените и девојките би заиграле оро тажејќи за убиениот, осудувајќи го убиецот.[34]

Во повеќе краишта на БиХ било познато играњето на "љељеново коло"

> "... ој мучну игру, коло љељеново...
> ... мучну игру, коло љељеново..."

[28] Станоје Мијатовић, - Обичаји у Ресави, ГЕМ III, Веоград 1929,стр. 30

[29] С. Првановић, - Лапот. Обичај убајања стараца - во Тимочки записи, Зајечар 1964, стр, 19

[30] Вожидар Петрановић, - Српске народне песме III, Веоград 1969, стр. 403

[31] Јелена Допуђа. - Народне игре у вези са смрти . - Примјери из Босне и Херцеговине, во Рад XI Конгреса СУФЈ у Новом Винодолском, Загреб 1964, стр. 363.

[32] Вјекослав Јелавић, - Доживљаји Француза Poullet-а на путу кроз Дубровник и Босну (године 1658), ГЗМ у БиХ у Сарајево, Књ. XX, св, 1, Сарајево 1908, стр. 57

[33] Drago Vidović, - Pretstave kola na stećcima i njihovo značenje, vo GZM BiH u Sarajevu, Arheologija, NS, sv. IX, Sarajevo 1954, str. 277,278.

[34] Toma Bratić, St. Delić - Narodne igre sjela i zbora u Gornjoj Hercegovini, GZM XVII BiH u Sarajevu, Sarajevo 1905, str. 56

кое изгледа скоро како полукружна поворка. Откако ороводецот ќе го состави орото, со играчот до себе ги креваат рацете горе, водејќи го орото под лакот што го сочинуваат со рацете, сé додека не се заплете. Ороводецот повторно ја пее песната:

> "... Ој ! Јово, Јово, заплети коло
> заплети Јово, коло љељеново.."

Повторно ороводецот го заплетува орото како змија. Така со ред, сé додека не се заплете и последниот играч. Ротоа следи игра за расплетување на орото.[35]

Во списокот што авторите Т. Братиќ и С. Делиќ го даваат во студијата "Народни игри од посело и збор", нагласуваат дека називот "љељеново" директно се однесува на еленот во традиционалната терминологија на нивниот крај.[36]

Мотив на игра со провлекување низ лакот од рацете на ороводецот и вториот играч, има и играта "плети коло" (заплет коло, заплет, ситан танац) каде играчите се провлекуват до потполното заплетување на орото.[37]

Во Горна Херцеговина над капата на загинатиот војник, ожалостените жени играле оро, редејќи и тажејќи.[38]

Во Дрежница, западна Херцеговина, меѓу муслиманското население при давањето на "мевлуд", при што се собирале по сто и повеќе луѓе, се играло оро.[39]

Nа територијата на БиХ мошне се интересни бројните претстави на надгробните споменици од средниот век - стеќците.[40] Во најголем број од нив, прикажани се претстави на женски, мешани и машки ора, при што, во некои случаи ороводецот се наоѓа на десната страна. За култното значење на орото посебно говори претставата на стеќците од Топлица, кај Храсно во Херцеговина. Во орото рамномерно се поредени мажи и жени, а ороводецот се наоѓа на десната страна и јава на елен.[41]

Nа еден стеќак од Некук претставени се три жени како играат оро.[42]

Во Босна забележени се играња во жалост "наопако", "наопачке", "наопосун", спротивно од вообичаената насока при играњето.[43] Играњето на вакво оро наопаку, оставили траги во народните умотворби во Восна.[44]

---

[35] Sl. Zečević, - Ljeljenovo kolo, - Народно стваралаштво - Folklor, sv. 9-10, Januar-april, Beograd 1964, str. 702 - 710.

[36] Исто, стр. 149, 150.

[37] J. Dopuđa - pregled glavnih tripova narodnih igara u BiH, vo GZM, Etnologija, N.S., Sv. XXXIV/1979, Sarajevo 1980, str. 47, 48.

[38] R. Kajmaković, - Običaji prilikom smrti kod Srba i Hrvata u Istočnoj Hercegovini, vo GZM BiH u Sarajevu, Etnologija, N.S., Sv. XXIII, Sarajevo 1968, str. 12.

[39] R. Kajmaković, - Narodni običaji stanovništva Drežnice, vo GZM BiH u Sarajevu, Etnologija, NS, Sv. 37, Sarajevo 1982, str. 26

[40] Šefik, Bešlagić, - Stećci - kultura i umetnost, Sarajevo 1982,str.324
J. Chalet, - Bogumili i simbolika stećaka, Naše Starine, br. X, Sarajevo 1965, 87.

[41] Drago Vidović, - Predstave kola na stećcima i njihovo značenje, vo GZM BiH u Sarajevu, Arheologija, NS, Sv. IX, Sarajevo 1954, str. 278

[42] Исто, стр.278.

[43] J. Dopupa - Pregled glavnih tipova narodnih igara u BiH, vo GZM, Etnologija, N.S., Sv. XXXIV/1979, Sarajevo 1980, str. 47.

**ѓ) Црна Гора**

Вук Караџиќ забележал, во тажачките што му ги испратил Вук Врчевиќ, како тажачките стојат во круг околу умрениот, а првата тажачка ја нарекуваат "ороводец", а тажењето го споредува со пеење во оро.[45]

Ваквото, пак, тажење над умрениот кај црногорското племе Кучи и кај северните Албанци - Марко Миљанов го нарекува "црно коло".[46]

За веселото однесување и играње на оро кај Црногорците- пишува и Петар Ж. Петровиќ.[47]

Во годините на Втората Светска војна, националистичката гарда и четниците од Грахово убиле пет членови на Месниот Комитет на КП на Херцег-Нови. Откако ги убиле, на пазарот пред саат кулата, повеле прегрнати оро, со рацете испреплетени, околу облеката на убиените.[48]

Влагодарение на отстапените податоци на проф. д-р Ѓ. Петровиќ, дознаваме дека во подрачјето на Динара, спрема Бока Которска, непосредно по II Светска војна се играло посебно, т.н. "мртвачко коло" во случај кога умрел последниот машки член на фамилијата, па огништето/куќата "се гасне". Орото се играло околу огништето, започнувале на десно па се свртувале во обратна насока - на лево. Ро изигрувањето на орото куќата се затворала, а на неа останувал да виси само црн барјак. Куќата била угасната...[49]

**е) Бугарија**

И во Вугарија погребувањето на мртвите, очигледно било поврзано со играње на оро, што директно влијаело врз мелодиката, темпото и начинот на исполнувањето на тажачките песни.

При погребувањето на првото, (во некои варијанти и на претпоследното) дете, мајката веднаш по погребот, или пак при првата можност, заигрувала оро.[50]

Истражувањата на повеќе бугарски етнолози покажуваат дека пролетните обреди во голема мера носат погребен и посмртен белег. Сепак највисока точка, таквата обредност постигнува во велигденските обичаи.

Во Бугарија бил многу чест примерот, по погребувањето на млад човек, блиските да порачаат песна за него, што ќе се исполни на велигденското оро. Na игралиштето се збират сите, посебно доаѓа мајката на починатиот, момите пеачки

[44] J. Dopupa, - Narodne igre u vezi sa smrti.- Primjeri iz Bosne i Hercegovine, Rad XI Kongresa SUFJ u Novom Vinodolskom, Zagreb 1964, str. 361.

[45] Вук Ст. Караџић, - Живот и обичаји народа српскога, М.С., Веоград, 1957, стр. 146.

[46] М.Миљанов, - Живот и обичаји Арбанаса, - Српски писци, Веоград, б.г., 122.

[47] П.Ж. Петровић, - Мотиви на босански - херцеговачким стећцима. По испитивањима Д-р Бенца, во Зборник Матице Српске, св. 101, Веоград 1955, стр. 5-6.

[48] Спрема соопштението на Марија Срниќ - архивиста во Архивот на Херцег-Нови, дадени на проф. д-р Ѓурѓица Петровић. Се заблагодарувам на проф. д-р Ѓ. Петровић za отстапените материјали.

[49] Податоците ми ги отстапи проф. д-р Ѓ. Петровић. Соопштил д-р Владо Шоќ, професор на Универзитетот во Подгорица.

[50] Галина Лозанова, - Особености на обредите при погребението на деца у южните славяни в края на XIX и началото на XX век, Българска етнография, БАН, Год. XIV, Кн. 1, София 1989, стр.27.

се фаќаат на орото, ја пеат песната и играат во чест на умрениот. Блиските слушаат, гледаат и плачат.[51]

А. Примовски за велигденските помени обреди пишува дека се играат во чест на умрените. Блиските ја плаќаат музиката да засвири едно "тажно" оро. Додека трае раздавањето, орото не запира, а е бавно, со 2/4 такт. Блиските го играат за да му "се најде на умрениот".[52]

Д. Маринов пишува дека големите мегдански ора на Велигден се играат во чест на умрените, а по својот карактер се жални и монотони.[53]

Лазарките пеат и играат влегувајќи во гробиштата, посебно онаму каде што имало пресни горобови. Ро завршеното пеење по гробовите, пак се фаќале на оро, завртувале три пати и излегувале од гробиштата.[54]

При исполнувањето на обредите Герман и "Суха Руса" се вршело погребување на кукла или паламида и исто како при погреб, се играло оро. Песните што ги пееле се ороводни, а играјќи, симболично, ја "тапкале паламидата да не расте".[55]

Во литературата го среќаваме податокот дека зимските ора се побрзи, а велигденските "одени" - изградени по бавниот од, повторуван безброј пати.[56] Во неделата, по Велигден, наречена е светла, празна, се играло "Ладино оро". Во ова оро, слично на љељеновото во БиХ и Србија, момите го започнувале орото, држејќи, притоа, првите две, крпа во рацете над ланецот од девојки што се провлекувал под лакот. Истражувачите претпоставуваат дека оваа обредна игра, оро, има директна врска со посмртните обреди.[57]

**Споредбена анализа**

Напред ги изнесовме основните податоци за потврдување на постоењето на "посмртно оро" во обредите на балканските Словени по материјалите што нам ни беа најдостапни и познати.

Заради продлабочување на познавањата и анализирање на податоците, чиниме дека споредбениот материјал ќе е неопходен понатаму. Од една страна, заради согледување на етно - културното, просторното и хронолошкото постоење на оваа обредна форма, а од друга страна, заради препознавање на спецификите во обредниот комплекс, и откривање на насоките по кои се движеле и пренесувале културните карактеристики во времето и просторот.

---

[51] Кауфман, Н. - Някои общи черти между народната песен на българите и източните славяни, София 1982, стр.11-14

Любомир Миков, - Български великденски обреден фолклор, Изд. БАН, София, 1990, стр. 76, 95.

[52] Николай Кауфман, Д. Кауфман, - Погребални и други оплаквания в България Изд. БАН, София 1988, стр. 237.

Д. Кауфман, - Погребални и поменни елементи във великденските песни, Български фолклор, Год. VIII, Кн. 2, БАН, София 1982, стр. 11-14.

[53] Д. Маринов, - Жива старина, Кн. 3, Ч. 9, Русе 1882, стр. 356-365.

[54] Иосиф Мороз, - Към въпроса на названието на празника Лазаруване, во Български фолклор, Кн. 3, БАН, София 1994, стр. 64.

[55] Н. Кауфман, Д. Кауфман, - Погребални и други оплаквания ....стр. 241

[56] А. Илиева, - Народни танци од Средногорието, София 1978, стр. 14.

[57] Етнография на България, Том III. Духовна култура, БАН, София 1985, стр. 121.

Во Индија, според изворите во Ведите, постоел обичај жените над умрениот да тажат со расплетени коси, удирајќи се во градите и играјќи околу умрениот.[58] Местото на спалувањето на покојниците било наречено “игралиште на Шива разурнувачот”. Росмртните игри во Индија најчесто траеле цела ноќ.

Етнографските материјали за Индија, покажуваат дека во муслиманскиот Хиндукуш, жените играат - “чекорено оро” околу умрениот.[59]

“...Наш призыв богам оказался удачным сегодня.
мы ушли навстречу пляске и смеху,
пронося дальше (свою) долгую жизнь.
Зту преграду я устанавливаю для живых.
Пусть же среди них никто другой не дойдет до этой цели.
Да живут они сотню обильных осеней.
Да закроют смерть (этой) горой.[60]

Во древниот хетски обред “Големо собрание” посветено на “царот-бог”, култна свеченост во Анадолија, според клинописните таблички од XVII - XII век пр.н.е., околу царот, царицата и сестрата на богот (пророчицата) со жртвените садови, луѓето околу нив играле ритуален танец (оро). Nајчесто овие танци се спроведувале при ритуалните процесии во кои учествувале царот и царицата.

Играчите, најчесто играле пред богот, еден наспроти друг, или фатени за рацете образувајќи затворено оро. Обично играле надесно, па налево и се наведнувале со рацете напред. Во овие ритуали посветени на хетските божества, воочлива е компонентата на однесување кон хтонските сили.[61]

И кај Египќаните погребните игри ги изведувале жени во поворка на гробот, облечени во долги одежди и гранчиња во рацете. Играњето започнувало со лесно и бавно темпо, забрзувајќи се постепено, за на крајот да премине во интензивна игра со кренати раце, поткрепена со разни инструменти (што во најголема мерка создаваат само бука-удиралки) заради протерување на злите духови од покојникот.[62]

Росмртните игри кај Хелените биле важна компонента во погребниот церемонијал. Од различните игри што ги организирале, ние го издвојуваме играњето на оро околу умрениот, кое можело да биде отворено или затворено, со подолги чекори во почетната насока, а поситни при враќањето на назад. Играле четири крупни чекори на напред (надесно) во круг, а два ситни при враќањето на назад (налево). Или пак, шест напред и три назад. Рацете во погребното оро ги држеле скрстени зад грбовите. Најчесто играле девојки, а ороводецот било момче, кој играјќи се пуштал и вртел околу себе.[63] Пеејќи ги погребните песни Хелените, односно нивните жени, се удирале во градите и ги кинеле косите од себе, играјќи, притоа, “екстатички” танци.[64]

---

[58] Oldenberg, Die Religion des Veda, 1923, стр. 523

[59] М. Магазиновић, Историја игре, Просвета Веоград , стр. 523

[60] Ригведа, X,14; X,16; X,18., стр. 198 - 204.

[61] В. Г. Ардзимба. - Ритуалы и мифы древней Анатолии, Изд. Наука, АН СССР, Москва 1982, стр. 75,76.

[62] Исто, стр.15.

[63] М. Магазиновић, - Историја игре... стр. 41-42.

На една од кнососките фрески, во преден план прикажани се 14 жени како играат оро, налево, со рацете напред.[65] Претпоставуваме дека орото има хтонски карактер и е посветено на мртвите.

Во Лаконија и Месенија, Артемидиниот култ бил сврзал за оревот (хтонски карактер - основна храна што им се принесува на мртвите). Во легендата за Артемида, девојките "каријатиди" (грчки карион-орев), играле оро околу Артемидината свештеничка претворена во ореово дрво. (За Артемида се знае дека во почетниот период била божица на смртта и подземниот свет.)[66]

Античкиот историчар Херодот, во својата Историја, пишува дека Тракијците имаат обичај да играат околу умрениот.[67]

Херодотовиот опис на погребувањето кај Тракијците, на Ж. Велкова, делува, инспиративно за да претпостави дека едната од двете жени со долги бели хитони, прикажани во Казанлашката гробница, играат посмртно оро, "коламбрисмос", пеејќи ја песната, "коламброс". Таа песна се пеела во придружба на флејта, бидејќи за Тракијците сите танци потекнуваат "од хтонскиот, подземен свет на музиката".[68]

Во дневникот на експедицијата "Месамбрија - Хемус" на Институтот за тракологија при БАН, во 1977 година под раководство на А. Фол, при откривањето на некропола од V век пр.н.е. забележано е во нејзина близина едно култно место, на кое според кажувањата на месното население, секој петок, обожавателите на сончевиот култ оделе во "посета на сонцето". Секој од нив ја бакнувал земјата, при што сите играле оро "без музика" во круг околу купчињата варосани округли камења. Погребувањето потоа го вршеле молчаливо и без свештеник.[69]

Во описот на Дионисовиот култ, Еврипид во своите "Бакхи", сатирите и менадите ги прикажува облечени во еленски кожи (хтонски карактер) како играат ора во текот на ноќта.

"Дионис. ... Уведох овдје коло, службу себи свуд,
... три дружбе тада спазим,
женска кола три,
хоћу ли коло ноћно ја..." [70]

Веќе во VI век, среќаваме податоци, дека на Синодот во Ауксер, им било забрането на христијаните да ја празнуваат Нова Година и другите празници во кои, посебно се критикува "раскалашеното скокање на жените по гробовите".[71]

[64] S. Zečević, - Homerov ep i naše narodne igre, - во Народно стваралаштво - Folklor, Sv. 7, jul Beograd 1963, стр. 49.

[65] Д. Ж. Томпсон, - Исследования по истории древнегреческого общества. Доисторический эгейский мир, Изд. Иностранной литературы, Москва 1958, стр. 483, 487.

[66] В. Чајкановић, - Мит и религија у Срба. Изабране студије, Веоград 1973, стр. 192

[67] Херодот, - Историја, Кн. 2, Матица Српска, Нови Сад 1980, стр. 8

[68] А. Фол, - Слово и дела в Древна Тракия, Учебни четива, Унив. изд. "Св. Климент Охридски", София, 1993, стр. 58.

[69] А. Фол, - Тракиския Дионис - Загреи, Кн. 1, Унив. изд. "Св. Климент Охридски", София, 1991, стр. 54.

[70] Euripid, Drami I-II, Zagreb 1919-1920, str. 147,175

[71] Н. Н. Велецкая, - Языческая символика славянских архаических ритуалов, Изд. Наука, Москва 1978, стр, 146.

За Словените, старите хроничари и летописци, запишале дека организираат богати обреди при погребувањето / спалувањето на покојниците.[72]

За погребните обреди на Словените, Косма Прашки во 1092 година покрај другото пишува дека "безбожните игри" ги исполнуваат крај своите мртви, и "танцуваат со маски, довикувајќи ги сенките- душите на умрените".[73]

Во описот што царот Иван Васиљевич во 1551 година го поднел до црковниот собор, пишувал дека во "духовските саботи по селата, и мажите и жените, на гробовите плачат и играат "бесовски игри", почнуваат да скокаат и играат и пеат некакви "сатански песни". И во деновите околу Велигден правеле различни "бесотии", а "на велики четврток палат слама и ги слават мртвите"[74]

"Пирување" со игри околу умрениот имале и Украинците.[75] Во западните делови на Украина (Гуцулштина, Подоље) се организирале игри и забави "при мерци", смислувајќи најразлични комични сцени.[76]

Познатиот чешки етнограф Ченек Зибрт (Čenek Zibrt), соопштува многу историски спомени за "веселбите, игрите и танците" при погребувањето на мртвите, како и при помените за нив. Спомнува, и тој, "ѓаволски песни" што народот ги пеел ноќе над умрените, играјќи разни игри.[77]

Во студијата на А.З. Розенфилд, за старите погребни обреди на Ванџите (во Горно - Бадашханската автономна област на бившата Таџикистанска ССР), во денешната област Кулаб и во долината Јазгулем (Язгулем), забележал дека до скоро биле изведувани "траурни" (жални) танци околу умрениот.

Заради големата сличност на обредното играње во овие области, со посмртното играње во Долна Преспа во Македонија, ние ќе го изнесеме во целост:

> "В долине Язгулема, связанной самыми тесными узами с Ванджем, еще совсем недавно, в наше время, существовали траурные танцы вдовы умерщего, исполнявшиеся с пением траурных рубои под аккомпанемент музыкальных инструментов в течение трех дней. В Язгулеме и Рушане мать, оплакивая ребенка, исполняла траурный танец и рубои только в первую ночь и сопровождала его до могилы, так же как и вдова тело своево умершего мужа. ... Если самый танец на Вандже больше не исполняется, то обычаи оплакивания в песнях (рубои) вдовой или матерью сохраняется и сеичас. Однако только на Верхнем Вандже женщине –плакальщицы, в том числе и вдова, и мать похоронной процессии до кладбища."[78]

---

[72] Т. Ђорђевић. - Српске народне игре, СЕЗб, IX, Веоград 1907, стр. 27, 31.

[73] Александър Геищор, - Митология на Славяните, Български художник, София 1986, стр. 239.

[74] Б. А. Рыбаков, - Язычество древней Руси, АН СССР, Изд. Наука, Москва 1987, стр. 115.

[75] Н. Н. Велецкая, Языческая символика славянских архаических ритуалов, Изд. Наука, Москва 1978, стр. 146.

[76] В. Е. Гусев, - От обряда к народному театру. Зволюция святочных игр в покойника, во Фольклор и этнография. Обряды и обрядовыи фолклор, АН СССР, Изд. Наука, Ленинград 1974,. стр. 51

[77] Zibrt, Čenek, - Jak se kdy v Čehách tancovalo, - Praha 1960, str. 24, 25.

[78] А. З. Розенфилд. - "Говорай ноз" - древний погребальный обряд на Вандже (Таджикистанская ССР) и траурные рубои, во Фольклор и Этнография. Обряды и обрядовыи фолклор, АН СССР, Изд. Наука, Ленинград 1974, стр. 254,255.

Играњето, со сигурност веќе е потврдено, е настарата но и најтрајната културна вредност што луѓето ја имаат. Кружното играње во оро се изведувало на два начина: со просто одење (чекорење) и со сложени форми на игра.

Од изнесените податоци се забележува дека во истражувањата обидите за типологизација на посмртните игри (танци), биле насочени кон откривање на обредните форми на ората. Истражувачите, користејќи ги етноекспликативните објаснувања на обредното играње, типологизацијата ја вршеле по неколку критериуми. Во таа насока утврдиле дека најчесто се изведува во круг, затворено, а го играат претежно жени. Текстот на песните што се пеат додека се игра е жален, а мелодиката и ритмиката на орото се тажни односно бавни. Што се однесува до откривањето на семантиката на обредното оро, најчесто објаснување е дека карактерот им е магиски и има за цел прелажување и бркање на злото. Во смисла на утврдување на генезата на оваа ритуална форма, истражувачите забележале одредени универзалности во идејата на играњето, а во структуата, сличности на универзалност на ниво на индоевропската обредност и слој.

**Митолошко - магиски карактер на орото**

**Раѓање на боговите низ игра**

Во обидите за истражување на генезата на обредното играње околу покојникот веднаш се воочуваат формите на најстарите митско / митолошки, магиски и религиски слоеви што останале како преживеаници во етнографските материјали што ги прикажавме.

Најстарите сведоштва за играта, говорат за неа, како за митски и магиски извор на животот. Во основата на митолошката компонента на животот, ставена е играта:

> "Боговите стоеа во праморето (праматеријата). Се фатија за раце и заиграа толку бурно оро, што капки од прав насекаде се тркалаа, па од нив настана светот. Волшебното дејство на играта во оро (кружното движење), од праматеријата го создаде/роди и сонцето - изворот на животот на земјата".[79]

И во тракиската обредна активност, богот се раѓа и умира низ играњето на оро...[80]

Животната магиска сила на играта инкорпорирана е во обредите на "бахатките" во Дионизовиот култ при што во ноќните заносни играња, го растргнувале идолот на богот на парчиња, за веднаш потоа, низ игра "да го создадат/родат младиот бог".[81]

---

[79] М. Магазиновић, - Историја игре... стр. 21

[80] А. Фол, - Тракиският Дионис. Загреи, Кн. 1, Университ. Изд. "Св. Климент Охридски", София 1991, стр. 217.

[81] В. Ђурић, - Постанак и развој народње књижевности, НОЛИТ, Веоград 1956, стр. 117,118.

**Антропологија на танецот/орото**

Генерално, и ние ги прифаќаме прелиминарните типологизации што досега се предложени, со дополнителна специјализација при категоризацијата по критериумите: форма, структура, семиологија на обредот, функција.

Претходно, веќе изнесовме дека во својата основа ритуалното играње на оро има обреден карактер.

А) Насоката на играњето:
- -на лево, наопаку, “наопосун”, мртовечка;
- -на десно, за добро, на добро;

Б) Изведувачи:
- -жени (вдовици);
- -девојки;
- -девојки и момчиња (мешано).

В) Место на играње:
- -на местото каде лежел умрениот,
- -на гробот и во гробиштата,
- -во дворот

Г) Време на играње:
- -пред погребот;
- -по погребот;
- -во празниците и задушниците, наменети на мртвите.

Д) Начини на изведување:
- -игра во круг;
- -со тапкање/газење;
- -со вртење.

Ѓ) Кореолошки карактеристики на орото:
- -бавно ( 2/4 такт)
- -кружно
- -најчесто затворено,
- -оро во вид на “змија” и “мост” (љељеново, плети коло, турн).

**Структура на семиолошките компоненти на орото**

Од претходното декодирање на обредната форма, во ритуалното играње може да се забележат неколку онтолошки компоненти со одредено семиолошко определување.
- - учесници,
- - игра - во круг
- - со тапкање / газење,
- - вртење

Танецот - орото претставува знак, а движењата - говор, што човекот ги изнесува од длабочините на несвесното или традиционалното.

Во таа смисла играњето на ритуално оро посветено на умрените го симболизира “газењето на демоните што лежат под нозете”. (Затоа често се практикувало играње со тапкање со нозете, скоро во место).

Танцувањето, пак, во круг го означува раѓањето, растењето, уништувањето и повторното создавање, а со тоа и затворање на универзалниот кружен циклус - космостот.[82]




Елементите на индоевропските екстатички игри во кои кружното играње со забрзувачко темпо останале зачувани во обредното посмртно оро.[83]

Семиолошката анализа на учеството на вдовиците при играњето на орото укажува на “правиот” избор на обредната заедница, зашто вдовицата, всушност, претставува потполн обреден образец за успешно остварување на барањата на заедницата. Од една страна, вдовицата е ритуално чиста (не ги прави “евините гревови”) и е блиска со мртвите (смртта на мажот ја става во положба на посредник со умрените), а од друга страна, заради напред изнесеното, таа е заштитена со смртта, но истовремено и опасна.[84] Семиолошки набљудувано, маргиналната положба на вдовицата во традиционалната средина, придонесла таа да биде главниот актер во посмртното оро.[85]

Анализираниот материјал ги покажува основните насоки на обредното играње:

I. Оро - “да му се најде на умрениот на тој свет”;

II. “Да му се цапне на вратот на ѓаолот”;

III. “Од изгаснатото жарче нека пламне оган - нека се роди живот”.

**раѓање > смрт > ИГРА > (екстатичка) >раѓање**

**магиска**

**= у н и в е р з у м =**

Често пати, антрополозите откриваат социолошка конотација на обредите. Под притисок на правилата, прописите на општествената заедница, макар што истите се формирани под влијание на магиските претстави за нештата, блиските на

[82] Н. Чаушидис, - Митските слики на Јужните Словени, Мисла, Скопје 1994, стр. 141.

[83] J. Chevalier, A. Gheerbrant, - Riječnik Simbola, mitovi, sni, običaji, likove, brojevi, Nakladni Zavod, Zagreb 1983, s.v. ples, str. 513..

[84] Васил, Гарнизов, - Мъртвият и живите, Български фолклор, Кн. 2, БАН, София 1994, стр. 20 - 22.

[85] Meri, Daglas, - Čisto i opasno. Analiza pojmova prljavštine i tabua, PLATO, Beograd 1993, str. 137.

умрениот, најчесто мајката или жените - вдовици, се условени, мораат да ги заштитат останатите блиски и другите членови на заедницата, со тоа што ќе заиграат оро и ќе го прелажат злото, ќе и се спротивстават на смртта.

Во тој контекст, жената / мајка = родилка (онаа што носи живот) е магиски најсилна, најмоќна во делувањето против смртта.

**жена / родилка (дател на живот) = заштитник на заедницата**

Во ваквите случаи жената / живот, е основниот медијатор меѓу загрозената општествена заедница и болеста / смртта (жената игра оро за да го заштити селото од чумата).

Веројатно, можеме да кажеме дека обредното посмртно играње содржи голем број на универзалности (во антрополошка смисла) породени во општата физиологија и општите човекови митови. Сепак, сосема јасно можат да се следат општо индоевропските обредно - митолошки карактеристики кои лежат во и основата на македонската народна обредност.

## Posthumous Ritual Dance - *Oro* - in the Traditions of Balkan Slavs

Ljupčo S. Risteski

The act of ritual dancing - oro - and singing in the posthumous ritual complex presents one of the most important ritual and magic activities in order to destroy or neutralize the effects of death, and at the same time, to protect the living members of the social community, as a whole.

This kind of ritual activity has been based on the traditional system of communication through symbols, in which the fact of life has to be set against the death. In that sense, the ritual-magic forms of posthumous dance (oro) and song present very powerful symbolical means. In these rituals, the mother of the dead child or the widow have most often been ritual actors. By including them in these rituals, the community shows very clear, selecting them as the ritual actors, makes the real choice, because they satisfy the ritual patterns for the successful realizing the magic aims. In these cases, the women as the ritual actors have been put in a function of basic mediators between the imperiled social community and the causal of the destruction of the structure.